АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Су.бр. 1068/20
22.12.2020 година
ШТИП

Врз основа на член 20 и член 39 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ“ бр.43/14, 33/15, 98/15, 6/16 и 198/18), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник“ бр.275/20), Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип Су.бр.1302/2018 од 21.12.2018 година, Правилникот за изменување на правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип Су.бр.954/2020 од 25.11.2020 година и согласноста од Министерот за финансии бр.18-5453/2 од 19.10.2020 година

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ШТИП
објавува

ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2020

За кариерно унапредување на 5 судски службеници

1. **Категорија Б, ниво Б – 4, СУД0101Б04004**
   **Раководител на Одделение за Информатика**
   **- 1 извршител**

Услови за вршење на работите:
Најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/I степен факултет од областа на информатиката
Најмалку 4 години работно искуство во струката

Кандидатите, покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно со член 2 од Закон за изменување и дополнување на законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.198/18).

Работни часови неделно 40 часа
Работно време - почеток на работно време 7,30 часот, крај на работно време 15,30 часот
Работни денови од понеделник до петок
Нето плата 31.068,00 денари

2. **Категорија В, ниво В- 1, СУД0101В01002**
**Судски советник**
**4 извршители**

Услови за вршење на работите:
Најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/I степен Правен факултет и положен правосуден испит,
Најмалку 3 години работно искуство во струката

Кандидатите, покрај горенаведените услови, потребно е да ги исполнуваат и посебните работни компетенции:
Активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски и германски), активно познавање на компјутерски програми заканцелариско работење и други посебни работни компетенции утврдени со актот за систематизација на работните места за соодветното работно место, согласно со член 3 од Закон за изменување и дополнување на законот за судска служба (Сл.в. на РМ бр.198/18)

Работни часови неделно 40 часа
Работно време - почеток на работно време 7,30 часот, крај на работно време 15,30 часот
Работни денови од понеделник до петок
Нето плата 28.582,00 денари

На интерниот оглас може да се јави судски службеник, вработен во судот кој ги исполнува посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво наведени во овој оглас, како и:

- да е оценет со оценка „особено се истакнува“ или „се истакнува“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на работното место на кое е распореден и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Кон пријавата, кандидатите да ги приложат доказите за исполнување на посебните услови, како и доказ за исполнување на посебните работни компетенции и тоа:

- уверение за завршено соодветно образование, во оригинал или нотарски заверено
- доказ за работно искуство
- сертификат или уверение како доказ за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски или германски), во оригинал или нотарски заверено и
- диплома, сертификат или уверение како доказ за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, во оригинал или нотарски заверено

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.
Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост, прецизно и со точни податоци.
Пополнетата пријава во писмена форма и доказите за податоците содржани во пријавата, кандидатите се должни преку приемната писарница да ја достават до Комисијата за селекција за унапредување.
Рокот за поднесување на пријавите е 5 дена сметано од денот на објавување на огласот на веб страната на судот.

**Напомена:** Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе се дисквалификува од понатамошна постапка.

Постапката за селекција и унапредување ќе биде спроведена согласно Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник“ бр.275/20).

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП